МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# Информација

за работата на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2017 година

Скопје, јули 2018 година

**Вовед**

Собранието на Република Македонија во јануари 2012 година го донесе Законот за еднакви можности на жените и мажите. (Сл. Весник на РМ бр.6/12 од 13.1.2012 година). Со овој закон се уредува воспоставувањето на еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и мажите, основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, правата и обврските на одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности на жените и мажите, постапката за утврдување нееднаков третман на жените и мажите, како и правата и должностите на Правниот застапник за еднакви можности на жените и мажите, како определено лице за спроведување на постапката за утврдување нееднаков третман на жените и мажите.

Во глава 4 од Законот, се уредуват правата и обврските на субјектите задолжени за обезбедување на еднакви можности на жените и мажите. Во член 10 став 6 се предвидува Владата да формира интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, составена од претставници на министерствата (државни службеници), претставници на граѓански организации, здруженија на работодавци, и експерти. Во ставот 7 од истиот член на Законот се вели дека Владата го утврдува бројот на членовите и составот на интер-ресорската консултативна и советодавна група. Начинот на работа на интер-ресорската консултативна и советодавна група се уредува со Деловник за работа на истата.

**1. Формирање на интер ресорска група консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите**

Постапувајќи согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите, Владата на Република Македонија на 15.08.2017 година, донесе Одлука за формирање на интер - ресорска консултативна и советодавна група под бр.44-4277/1 и Решение за именување на членови на интер-ресорска консултативна и советодавна група бр.44-4277/2 (Службен весник на РМ бр.114 од 21.08.2017 година). Согласно Одлуката на Влада на Република Македонија интер- ресорска консултативна и советодавна група учествуваат 23 претставници од државни институции, единици на локална самоуправа, здруженија на работодавачи, независни експерти.

На барање на неколку експерти за родова еднаквост и на Работната група за родова еднаквост во спортот-„Такт„ интер ресорската група да се прошири со уште три члена беше поднесена информација до Владата на

Република Македонија за измена и дополнување на Одлука и Решението за формирање на Интер ресорската група. Со донесувањето на новата Одлука Интер ресорската група се надополни уште со три члена и беше донесено Решение за дополнување на Интер ресорската група со : Мирјана Најчевска, Дијана Ѓорѓевиќ Стојановиќ и Ленче- Алексовска Величковска . Согласно новата Одлуката на Владата бр. 44-2844/1 ( Сл. Весник бр.60 од 03.04.2018 година) во составот на интер- ресорска консултативна и советодавна група учествуваат 26 претставници

Работата на интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите ( во понатамошен текст: интер ресорска група) ја координира Министерството за труд и социјална политика.

## 2. Надлежности на интер ресорската група

Интер ресорската група, согласно член 3 од Одлуката на Владата на Република Македонија бр. 44-4277/1 и бр.44-2844/1 ( Службен весник на РМ бр.114 од 21.08.2017 година и бр. 60 од 03.04.2018 година) за нејзино формирање, ги има следните задачи:

- да го промовира концептот за вклучување на родовите аспекти во генералните политики на сите јавни институции;
- да ја следи интеграцијата на концептот во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области;
- да го следи прогресот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и европските стандарди од областа на родовите прашања;
- да учествува во подготовката и дава насоки во процесот на подготовка на Стратегијата за родова еднаквост;
- да ги следи периодичните извештаи од институциите.

Интер ресорската група, согласно член 6 од Одлуката за нејзино формирање, еднаш годишно за својата работа ја информира Владата на Република Македонија.

## 3. Седници на Интер ресорска група

Во текот на 2017 година Интер ресорска група одржа две седници.
Својата конститутивна седница Интер ресорската група ја одржа на 24. 10.2017 година во конференциската сала на Владата на Република македонија и на неа присуствуваа 17 од 23 членови. На конститутивната седница како гости беа повикани преставници на УН Жени,Организација на жени Турчинки "Дерја" и Организација на жени на град Скопје.

Во свечениот дел од седницата свои обраќања имаа Премиерот на РМ Зоран Заев и Министерката за труд и социјална политика Мила Царовска.

Премиерот во своето обраќање нагласи дека демократските промени во Република Македонија отворија можности за развој во сите сфери на општественото живеење. Родовата еднаквост е законска обврска, дел е од Програмата на Владата на Република Македонија 2017 – 2020 година и тоа е обврска од Агендата за одржлив развој до 2030 година. Тој информираше дека Владата ќе предложи Ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство од 2011 година (Истанбулска конвенција) и согласно оваа Конвенција, ќе воспостави мрежа на стандардизирани институции чијашто обврска е заштита од домашно насилство. Премиерот исто така истакна дека ќе се воведат програми за поддршка на жените претприемачи, посебно во руралните области, ќе се заложи за вклучување на родовата перспектива во колективното договарање на сите нивоа, ќе предложи нов Закон за родово базирано насилство и измени на Кривичниот закон. На крајот од своето обраќање нагласи дека Македонија мора да биде пример за земја на еднакви можности за сите.

Министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска нагласи дека оваа Влада има системски пристап кон родовото прашање и оцени дека само тоа е решение да има ефекти во брзо време. Министерката истакна дека ова прашање ќе се третира сеопфатно вклучувајќи го во прв план економскиот раст и развој. За да се постигне активирање на жената на пазарот на трудот и намалување на семејното насилство ќе се креираат политики и буџети. еднакви можности на жените и мажите, да ги разгледа можностите за уредување на ова прашање во законите, секаде каде што е тоа можно.

На седницата премиерот Заев и министерката Царовска порачаа дека Интер ресорската советодавно консултативна група за еднакви можности на жените и мажите ја има целата поддршка, нивна лична и на Владата во целост да се спроведат потребните решенија што водат кон еднакви можности за жените и мажите, како дел од концептот на Владата за градење едно општество со еднакви можности за сите граѓани.

Во овој дел од состанокот, се отвори дебата со присутните. Дел од членовите и гостите на оваа седница преку дискусија изразија благодарност за поддршката од Премиерот и министерката и укажаа дека само со системски приод и решавање на проблемите родовата еднаквост ќе биде дел од политиките и програмите. Понатаму нагласија дека клучните реформски процеси на јавната администрација, програмата за управување на јавни финансии и сл би морале да бидат предмет на разгледување и препораки во поглед на воведување на родово одговорно буџетирање и поголем квалитет на стратешките и годишните планови, градење на

капацитетите на одговорните кои ќе ја овозможат нивната операционализација и ќе обезбедат задолжителност во примената.

Во работниот дел од првата седница, Координаторот на ИРГ ги информираше членовите за обврските и предизвиците на интер ресорската група.

На оваа седница се формираа работни групи за подготовка на предлог Програма за работа на ИРГ за 2018 година и дополнување на Деловник за работа на интер ресорската група.

Членови на работната група за подготовка на Програмата за работа за 2018 беа избрани: Марија Савовска, Даниела Димитриевска, Нермина Факовиќ, Фатмире Хоџа, Бранка Минчева Коцевска, Јорданка Богатиновска, Иванка Серафимова, Славица Михајловска, Неда Малеска Сачмароска, Маринела Маричиќ Тушева. Одговорна за координација на оваа работна група беше назначена Марија Савовска.

Членови на работната група за ревидирање, измени и дополнувања на Деловникот за работа на ИРГ беа избрани: Јована Тренчевска, Сузана Никодијевиќ Филиповска, Спасена Ивановска, Драгана Дрндаревска, Ана Бурагева Алексова, Елизабета Гелевска, Виолета Куновска и Киро Цветков. Одговорна за координација на оваа работна група беше одредена Јована Тренчевска.

Работните групи кои беа задолжени да ги подготват предлог – Деловникот и предлог -Програмата за работа за 2018. Во текот на месец декември 2018 ја завршија обврската и предлозите ги доставија до координаторот на интер ресорската група.

Втората седница интер ресорската група ја одржа во декември 2017 година, на која се расправаше по точките на Дневен ред, но поради немање кворум не се одлучуваше. На оваа седница беа разгледани и се отвори дискусија за Програмата за работа на интер ресорската група за 2018 година, Деловникот за работа и Националниот акциски план за родова рамноправност 2018-2020 година (НАП). Во однос на НАП за родова рамноправност за 2018 -2020 година, со цел овој стратешки документ да биде што поквалитетен на седницата се договори сите забелешки и коментари што се имаат во однос на овој докомумент да се достават до координаторката.

**4. Јакнење на капацитетите на членовите на интер ресорската група**

Членовите на интер ресорската група во текот на периодот на известување учествуваа на работилници, дебати и други настани поврзани со еднаквите можности на жените и мажите.

Членовите на интер ресорска група во ноември учествуваа во подготовка на Акциониот план за родова рамноправност 2018 -2020 година.

Согласно Методологијата за родово одговорно буџетирање, членовите на Интер ресорската група учествуваа во развивање на родово буџетските иницијативи на селектираните програми на нивните министерства. Исто така, учествуваа и на обуките кои ги организираше МТСП со цел да се зајакнат капацитетите на државната управа во однос на вклучување на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики (Gender mainstreaming), што претставува интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политиките – притоа, имајќи го во предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите.

Присуството на значајни настани од областа на еднаквите можности, на дебати, конференции и работилници е од особено значаење за членовите на интер ресорската група, за стекнување со нови знаења и искуства и размена на позитивни пракси.